# ОДГОВОР
## на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор

Од страна на законските застапници на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на ден 12.01.2015 година доставени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност- Ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешна ревизија во Фондот за здравствено осигурување на Македонија, заведени во Државниот завод за ревизија под број 18-20/1.

Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатената забелешка на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор по својата содржина претставува известување за преземени активности. Законските застапници на Фондот за здравствено осигурување на Македонија известуваат за преземените мерки по дадените препораки а пред се по дадената препорака број 1, која се однесува на потребата од продолжување на активностите за изготвување на Стратегија за управување со ризиците. Во прилог на забелешките доставена е Копија од „Стратегија за управување со ризици на Фондот за здравствено осигурување на Македонија“ без притоа да бидат приложени потребните прилози наведени во самиот документ и утврдените со упатствата од надлежното министерство.

   Донесувањето на стратегијата од страна на Фондот соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот ревизорски извештај во делот Ревизорски наоди точка 1 и точка 2.1.2 а дадената препорака соодветно прилагодена.